Во посета на...

Здружението на пензионери во Велес

# Секојдневна активност во интерес на пензионерите



Момчило Маркоски, претседател на ЗП-Велес

Велешката пензионерска организација е една од поактивните во нашата држава, и тоа особено во последните две-три години кога сите програмски задачи не само што се остварени, туку и надминати.

- Објективно земено, нашите активности во текот на годината се програмирани, но се појавуваат и нови што ги наметнува динамиката на времето и ги решаваме во од - вели претседателот на Здружението на пензионерите во Велес **Момчило Маркоски**. Програмата се базира на досегашните искуства, на спознанието и согледаното во изминатите две години, на анализата на проблемите и прашањата и на низа други искуства од практиката. Во соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, посебна грижа се води за остварување на уставните и законските права на пензионерите, за редовна исплата на пензиите и нивно усогласување и за проблемот со заостанатиот долг од 8 отсто. Најдобро ќе биде, констатира Маркоски, да се зголеми основата на пензијата и да се укине партиципацијата во трошоците за лекови и лекување во здравствени установи за пензионери постари од 65 години.

- Здружението на пензионерите дејствува како невладина и непартиска организација, секогаш настојувајќи активноста да ја насочи во рамките на финансиско-материјалните можности, посебно во организирањето на културно-забавен живот, одмор и рекреација, спорт и одржување трибини и предавање - нагласи **Љубомир Ѓорѓиев**, секретар на Здружението. Надоврзувајќи се на ова, секретарката на Активот на жените **Живка Илиевска** говореше за неколку значајни активности: за традиционалната хуманитарна акција "Блакцата на баба", која од година во година е сè попупуларна меѓу пензионерките не само во Велес, туку и во Македонија. Секоја прва средба во месецот се одржува "Средба во среда", на која се реализираат предавања од областа на здравствената, прехранбената и културната сфера, често се одржуваат и средби со пензионерки од повеќе градови во државата. Годинава, вели Илиевска, организиравме посета на Радовиш, Кичево и други градови, како и петдневна екскурзија во Атина, каде што се запознавме со културно-историските знаменитости на Грција. Настојуваме, покрај пејачка група, да се формираат и други секции за збогатување на културно-забавниот живот, со оглед на тоа што минатата година бевме успешни домаќини на Втората пензионерска ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти.





Десетгодишно учество на спортски игри

- Веќе десет години учествуваме на Републичките пензионерски спортски натпреари, и тоа со добар успех, нагласи претседателот на Здржението на пензионерите Момчило Маркоски. И годинава, на десеттите јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари, што ќе се одржат кај мотел-ресторанот "Лозар" на езерото "Младост", очекуваме добри спортски резултати, бидејќи на регионалниот натпревар во Валандово освоивме неколку први места.

**Здружението се ангажира и за правилна организација и поставеност на Домот на пензионерите во Велес и изнаоѓање нови форми пензионерите слободното време да го минуваат достоинствено, во мир и спокојство**. Преку конкурс добиена е и донација од швајцарска фондација преку Институтот "Отворено општество" за изградба на пушална и приравчен магазин во Домот, а покрај ова просторно проширување, беше извршена и замена на целокупната инсталација на Пензионерскиот дом, климауреди, заштитни решетки и друго. Битно е што е решен проблемот со градската канализација што минуваше под Домот и често ги поплавуваше подрумите и по речиси две децении за првпат и овие простории можат да се користат. Здружението настојува да се реши и проблемот со изградба на покрив на Домот и со уредувањето на 24 пензионерски станови.

На крајот од посетата претседателот Маркоски ја истакна и добрата соработка со локалната самоуправа и со Центарот на невладини организации и дека се прават напори за обезбедување просторни услови за работа на ограноците.

Се чекува ова Здружение, во кое членуваат околу 8.000 пензионери, и во наредниот период да одговори на сите предизвици што се во интерес на членството.

**Д. Аргировски**



Екскурзии на пријателство и соработка

Погледи

# Основањето и дејствувањето на солидарните фондови на здруженијата на пензионерите на Македонија

Солидарните фондови на здруженијата на пензионерите во сите здруженија се основани со акти на собранијата на здруженијата во 1992 година. Основен повод за нивно основање беше негрижата на државата за закопот на корисниците на пензија. Пензионерите тогаш едногласно одлучија од пензиските примања да издвојуваат придонес за солидарните фондови. Истовремено, беше одлучено да се побара од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување оваа услуга да ја врши и за задршка за членарина на здруженијата. Во почетокот на дејствувањето на фондовите исплатата на семејствата на починатите пензионери ја вршеше осигурителната компанија ЗОИЛ "Македонија" односно "КЈУБИ" - Македонија. ФПИОМ врз основа на одлуката на органите на здруженијата со кои се утврдува висината на задршката по двете основи за сите корисници на пензија: старосни, семејни и инвалидски пензионери, задржаните средства им ги уплатуваше на сметките на здрженијата или по барање на некои здруженија на сметката на осигурителната компанија. Оваа услуга Фондот ја започна и продолжи да ја врши без надомест. Немаше никаков писмен документ за вршењето на задршката помеѓу пензионерските организации и Фондот. Пензионерите беа задоволни од постапката на Фондот, но ФПИОМ правеше забелешки на здруженијата зашто секое одделно го определуваше износот на задршката за солидарнот фонд и членарината. Овие разлики во висината на задршката за Фондот претставуваа зголемен обем на работа на стручната служба на Фондот. Меѓутоа, од непознати причини, тогашниот директор на ФПИОМ Киро Зрмановски одлучи задржаните средства на пензионерите-корисници на инвалидска пензија да им ги уплатува на сметките на здруженијата на трудовите инвалиди кои не се пензионери и тие не учествуваа во издвојување средства за солидарните фондови. Инвалидските пензионери дотогаш беа членови на здруженијата на пензионерите во кои членуваа старосните и семејните пензионери. **Со други зборови, инвалидските пензионери на овој начин беа незаконито одделени од своите колеги - старосните пензионери.** За оваа постапка на директорот Зрмановски не постои писмен документ, барем нам не ни е познато. Оваа категорија пензионери реагираа против ваквото делење на пензионерите. Собираа потписи во одделни здруженија, бараа од Фондот да ја почитува нивната волја, но попусто. Во 1997 година група инвалидски пензионери основаа свои здруженија. Овие здруженија беа регистрирани пред надлежните органи, а по донесувањето на Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите беа пререгистрирани во согласност со одредбите на овој закон ("Сл. весник на РМ" 31/98).

Фондот побара од сите три пензионерски асоцијации, со претставници на Министерството за труд и Фондот, да ја усогласат висината на задршката и да се олесни работата на центарот за автоматска обработка на податоците. Се формира координативно тело од сите претставници, а за координатор беше избран сегашниот претседател на СЗПМ. Поради дијаметрално различните гледања меѓу Сојузот на трудовите, од една страна, и инвалидските пензионери, од друга, Координативното тело не успеа да најде заедничко решение во поглед на утврдување на единствен износ на задршката од пензиите за членарина и за солидарните фондови. Потоа, Координативното тело престана да постои, разликите останаа. Разлики имаше и во рамките на здруженијата во Сојузот на пензионерите (старосни и семејни), а во нив членуваа десетина здруженија на инвалидски пензионери. Уште повеќе се комплицираа односите со трудовите инвалиди кои не се пензионери и не се корисници на пензија. **Тие од Фондот на ПИОМ користат одредени надоместоци во случај на губење на дел од работната способност, па се преместуваат на други работни места или се преквалификуваат или доквалификуваат за вршење на други работи и работни задачи во претпријатието и за тоа време примаат определен надомест додека трае таквата состојба. Значи, тие не се корисници на пензија поради што и не плаќат придонес за членарина и за солидарните фондови.** Со одлуката на тогашниот директор на Фондот Зрмановски им се овозможи на раководствата на трудовите инвалиди да управуваат со средствата на инвалидските пензионери, најчесто недомаќински, неекономично, поради што имаше катадневно поплаки од пензионерите. Состојбите уште повеќе се комплицира со Одлуката на директорката на Фондот Убавка Вегова во 1998 година кога средствата задржани од пензиите наменети за членарина, им ги подели половина на половина на трудовите и на инвалидските здруженија, без оглед на тоа кое здружение колку фактички има членови.



Сега здруженијата на инвалидските пензионери од задршката за солидарните фондови и за членарина добиваат само 50% од средствата за членарина. Членовите на семејствата на починатите инвалидски пензионери надоместокот на погребни трошоци од Сојузот на трудовите инвалиди го примаат или на рати или со задоцнување од неколку месеци. Нормално, инвалидските пензионери не можат да се помират со ваквата практика. Поради тоа, четири здруженија на инвалидски пензионери: Велес, Кавадарци, Прилеп и Охрид, со околу 7.000 членови побараа да бидат примени во СЗПМ, зашто тие до 1995 година и беа во Сојузот. Приемот на новите здруженија го направи Собранието на Сојузот, на нивно писмено барање, откако Собранието на Сојузот со одлука пропиша услови за прием на нови членови во Сојузот. Со оваа одлука е пропишан и прием на новоснованi здруженија во новоформираните единици на локалната самоуправа, доколку имаат над 500 членови. **Со Одлуката е пропишано во Сојузот да не се примаат нови здруженија доколку на подрачјето на кое се основаат дејствува истородно здружение. Не се примаат паралелни здруженија за да не се зголемува бројот на здруженијата, со што ќе му се отежнува работата на ФПИОМ во врска со задршката од пензиите за солидарните фондови и за членарината.**

Собранието на Сојузот донесе и Одлука за утврдување на единствен износ на задршката по двете основи за сите пензионери-членови на здруженијата на пензионерите здружени во Сојузот. И, што е уште позначајно, на предлог на ФПИОМ Сојузот подготви Спогодба за соработка меѓу СЗПМ и ФПИОМ во врска со задршката од пензиите. **Со оваа Спогодба, која ја прифати и Управниот одбор на ФПИОМ, се предвидува Сојузот да го утврдува износот на задршка од пензијата на здруженијата кои се членки на Сојузот.** СЗПМ врз основа на овој акт со писмо го извести директорот на ФПИОМ и му ги приложи списоците на членовите на новопримените здруженија на инвалидски пензионери од: Велес, Кавадарци, Прилеп и Охрид и здружението Ѓорче Петров, со податоци за сите други здруженија на пензионери-членки на СЗПМ (старосни, семејни, а во 10 здруженија заедно со инвалидските пензионери).

**Инвалидските пензионери членуваат во следните здруженија на „старосни и семејни пензионери": Македонски Брод, Валандово, Виница, Демир Хисар, Кратово, Крушево, Неготино, Радовиш, Ресен и Лабуништа.**

Инаку, треба да се потсети дека сопружниците на починатите корисници на инвалидска пензија (инвалидски пензионери) со стекнување на правото на семејна пензија по автоматизам стануваат членови на здруженијата на "старосните" пензионери. Досега немало случај здруженијата на трудовите инвалиди, во кои без нивна согласност членуваат инвалидските пензионери, да прават забелешки. Се чини дека не се противат семејните пензионери по основа на инвалидска пензија да членуваат во здруженијата на старосните пензионери, поради тоа што овие корисници на семејна пензија ќе им бидат на товар на фондовите за солидарност на здруженијата на трудовите инвалиди. Чудно, но вистинито.

**Душко Шурбановски**

Нови правила и процедури за работа при оценка на работоспособноста

# Во интерес на објективно утврдување на инвалидноста

*Според измените во Законот, сите лица кои ќе добиваат инвалидски пензии ќе мора да бидат подложени на повторни прегледи за преоценување на инвалидноста*



Како што веќе ѝ е познато на јавноста, со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, објавен во "Службен весник на РМ" број 50 од 26 јули 2004 година, се извршија значајни измени и дополнувања кои се однесуваат на оценката на работната способност. Тие решенија имаат за цел системски, на долг рок, да се подобри, осовремени и објективизира постапката за утврдување на инвалидноста. Во "Службен весник" број 88 од 13 декември 2004 година објавени се актите утврдени во член 14 од Законот и во врска со нив се даваат позначајни информации и тоа: 1) Со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се вршат усогласувања со овие измени на Законот, усогласување со одлука на Уставниот суд на РМ, како и допрецизирање на одделни решенија содржани во постојната регулатива на Статутот. Со член 1 од оваа одлука се создава правна основа, според која, покрај досегашните симболи на Фондот, печат и штембил, Фондот да има и сопствено лого по кое ќе биде препознатлив, особено во услови на постоење на повеќеслоен пензиски систем. **Со член 3 се изостава можноста за остварување право на семејна пензија на студент запишан на друг факултет по неговото дипломирање, бидејќи ова статутарно решение значеше проширување на законската основа утврдена во постојната одредба на член 75 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.** Членовите 4 и 5 се усогласувани со измените од Законот, односно се изостава Второстепената комисија како орган кој донесува наод, оценка и мислење во постапка по жалба, и таа улога на некој начин ја презема Комисијата на Владата за решавање во втор степен, која во состав ќе има и лекари-специјалисти. Со член 6 се врши усогласување на Статутот со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Сл. весник на РМ" бр.50/04), со кој е предвидено овластено лице кое во Подрачната единица на Стручната служба на Фондот врши контрола на пресметаниот и уплатениот придонес да донесува решение за неплатениот придонес, заедно со пресметаната камата. **Регулативата во член 7 претставува усогласување со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија бр.112/97, со која се предвидува во случаите кога се донесува привремено решение, осигуреникот да има право на жалба, а не, како досегашното решение, донесување на заклучок без право на жалба.** 2) Со Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за утврдување комплетност и уредност на документацијата, се регулира дека оваа комисија ќе има основна задача да ја проверува комплетноста и уредноста на медицинската и другата документација. Комисијата е составена од лекари-специјалисти и може да има најмногу 5 члена, од кои еден е претседавач. Со општите одредби е уредено дека внатрешната организација, распределбата на работа и други прашања сврзани со работата на Комисијата поблиску се уредуваат со акт на Фондот. Со делот од Правилникот кој се однесува на начинот на работа на Комисијата се регулира дека Комисијата својата работа ја извршува самостојно во рамките на овластувањата дадени со закон, Статутот на Фондот и овој правилник. За поднесените барања Комисијата е должна да води службена евиденција. Во **Правилникот содржан е и дел кој се однесува на поведувањето на постапката за утврдување на инвалидноста и неспособноста за работа, во кој се наведени подносителите на барањето, односно предлог за поведување постапка, како и медицинската, работна и друга документација потребна за утврдување на инвалидноста.** Покрај потребната медицинска документација, според Одлуката за задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација, барањата задолжително треба да бидат комплетирани со опис и попис на работното место, на Образец бр.1, наод и мислење од надлежен матичен лекар на пропишан образец бр.3, и наод, оценка и мислење за согласност од лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување. Со измените во Законот, како и со овој правилник, е предвидено барањето, односно предлогот за утврдување на инвалидноста, односно неспособноста за работа, да се поднесува до Комисијата за утврдување на комплетноста и уредноста на документацијата преку подрачната единица, односно Централата на Стручната служба надлежна за решавање во прв степен со примена на меѓународни договори. Со одредбите кои ја регулираат постапката за утврдување на телесно оштетување, исто така, се предвидува барањето од осигуреникот со медицинска, работна и друга документација да се доставува до Комисијата за утврдување на комплетноста и уредноста на документацијата преку Подрачната единица, односно Централата на Стручната служба на Фондот. При поведување на повторна постапка е предвидено дека, покрај медицинската, односно работната документација, со барањето треба да се доставуваат и поранешни мислења на Комисијата за работна способност што ќе придонесе за утврдување на фактичката состојба на инвалидноста, односно телесното оштетување. Заради подобрување на квалитетот на медицинската документација, се предлага таа да биде уредно издадена, заверена со штембил на соодветната установа и со печат и потпис на овластеното лице. Со новиот начин на комплетирање предвиден со овој Правилник се очекува да се постигне правилно комплетирање на барањата со потребната документација, пред да бидат доставени до Комисијата за оценка на работната способност што ќе придонесе за објективна оценка на работната способност и ефикасност во постапката на вештачење. Со формирањето на оваа комисија ќе се намали и бројот на негативните наоди, односно наодите со кои се утврдува дека лекувањето не е завршено поради нецелосно комплетирање на барањата. 3) Со Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оценка на работната способност се предлагаат повеќе новини, кои, пред сè, произлегуваат од последните измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и сите имаат за цел системски и долгорочно да придонесат за осовременување, односно објективизирање на оценката на работната способност. По своето значење, посебно може да се издвои постоењето на преоценка - ревизија на секој позитивен наод донесен од Комисијата за оценка на работната способност на Фондот со кој е утврдена инвалидноста, односно неспособноста за работа врз основа на која се остварува право на пензија. Во услови на постоење на вакво законско решение, Комисијата за оценка на работната способност е должна да постапува според дадените забелешки на ревизиската комисија и да донесе нов наод. Примерок од новиот наод, Комисијата на Фондот е должна да достави до Комисијата што врши ревизија на нејзиното работење. Така, оваа облигаторност е во член 9 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за преоценка - ревизија на наодот, оценката и мислењето, кој гласи: "Кога комисиите од член 2 на овој правилник постапуваат според забелешките дадени во постапката за преоценка - ревизија донесуваат нов наод, оценка и мислење, копија од новиот наод, оценка и мислење доставуваат до Комисијата за преоценка - ревизија". Постоењето на ревизиската комисија е во функција на поквалитетно и пообјективно вештачење на работната способност како контролен механизам кој континуирано ќе се одвива во работата на Комисијата. Заради благовремено остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, на Комисијата ѝ се дава обврска во рок од два дена по донесувањето на наодот, заедно со целокупната медицинска и друга документација, да го достави на Комисијата за преоценка - ревизија. **Позначајна новина, која долгорочно ќе влијае врз подобрувањето на квалитетот на вештачењето, е и обврската на Комисијата на секој наод каде што е утврдено постоење на инвалидност, односно неспособност за работа, да се произнесе за задолжителен контролен преглед во рок не пократок од една година, а најдоцна до две години.** Како новина која ќе придонесе да се подобри квалитетот на медицинската документација е и обврската на Комисијата, во делот на поведувањето на постапката, да внимава дали документацијата е целосна, односно дали постои и наод за согласност од лекарската комисија. Заради подобрување на квалитетот на медицинската документација се предлага Комисијата да внимава таа да биде уредна, со штембил и печат, и да е издадена од соодветна установа и овластено лице. **Од работењето на Комисијата за оценка на работната способност се изостава досегашната Второстепена комисија, а во таа насока се зајакнува улогата на Комисијата на Владата на РМ која решава во втор степен по предметите од пензиското и инвалидското осигурување, односно во таа комисија, покрај другите стручни профили, ќе членуваат и лекари од соодветна специјалност.** Во постапката на вештачење, од оценката на работната способност ќе се изземе лекар-член на Комисијата кој во согласност со Законот за општа управна постапка, по положба, односно статус, не треба да учествува во работата на тој состав на Комисијата. За причините наведени во оваа одредба е должен да извести самиот лекар-специјалист, а самото изземање го врши директорот на Фондот, според член 11, кој, во интегрален текст, гласи: "1) Член на Комисијата може да биде изземен од оценка на работната способност по одреден предмет во случаи и под услови предвидени со Законот за општа управна постапка, и тоа ако: во предметот во кој се дава наод, оцена и мислење е странка; со странката, со застапникот или со полномошникот на странката е роднина по крв во права линија, во странична линија, заклучно до четвртиот степен, брачен другар или роднина по жена заклучно до вториот степен, па и тогаш кога бракот престанал; и со странката е во однос на старател, посвоител, посвоеник или хранител, а со застапникот и полномошникот на странката е во однос на посвоител и посвоеник. 2) За причините наведени во став 1 на овој член известува лекарот -специјалист, член на составот на Комисијата за оценка на работната способност. 3) За изземање решава директорот на Фондот". Заради спречување на појавата на донесување наоди поради незавршено лекување, работа која во досегашната практика се оценуваше дека е вина на лекарот поединец - матичен лекар, со Правилникот се предлага во случај кога предметот не е целосно комплетиран, Комисијата да има забрана од донесување наод и тогаш предметот го враќа до Комисијата за уредност и комплетност. Исто така, и поради фактот дека претходна ревизија, пред донесување на решението, ќе врши Комисијата за преоценка - ревизија како страничен орган, а за вратените наоди со забелешка ќе се составува извештај кој ќе претставува солидна основа за усовршување, односно изедначување на мерилата и критериумите при вештачењето на инвалидноста.

3) Со Правилникот за задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација во постапката на остварување на правата по основа на инвалидност се извршени соодветни измени, во смисла на неговo доградување во однос на медицинската документација за болестите (главна, споредна болест) во постапката за оценка на работната способност. Основна цел, односно предмет на регулирањето на оваа одлука е да го утврди задолжителниот минимум на медицинската документација потребна во постапката на вештачењето на инвалидноста и другите основи за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Со член 2 од Одлуката се утврдува дека видот на медицинската документација се определува според видот на заболувањето, неопходна за верификација на дијагнозата на болеста. Со цел да се унапреди квалитетот на оценката на работната способност, во член 3 се предлага медицинската документација што се доставува со предлогот за медицинско вештачење да биде оригинал, заверена со штембил и печат на здравствената установа, потпис и печат на лекарот, односно овластеното лице, број на лекарскиот дневник или друг број од службената евиденција на здравствената установа и отчукана на машина за пишување. И оваа одредба има за цел поголемо објективизирање на здравствената состојба, односно за верификација на дијагнозата на главната болест. Доставената документација е потребно да ги содржи податоците за: почетокот на болеста или повредата, односно причината и околностите под кои настанала болеста или повредата; текот на лекувањето (амбулантно или стационарно) на осигуреникот, со назнака на денот од кога се лекувал, под кои дијагнози и со каков успех; како и за должината на непрекинато боледување; текот на медицинска рехабилитација, со назнака на установата во која осигуреникот се рехабитирал, периодот во кој е извршена рехабилитација и успехот на рехабилицијата; сегашна здравствена состојба, а посебно податоци за видот на анатомското оштетување, функционалното оштетување и прогноза на болеста. Кога станува збор за медицинската документација за верификација на другите болести, потребно е да се докаже сегашната состојба на анатомското и функционалното оштетување и не смее да биде постара од шест месеци. Податоците во предлогот за медицинско вештачење се утврдуваат врз основа на отпусни листи, специјалистички наоди, дијагностички тестови издадени на пропишани обрасци. **Како значајна новина што се уредува со оваа одлука е околноста дека кога кај осигуреникот кај кого како причина на инвалидност се оценува професионална болест, треба да се приложи експертиза од Институтот за медицина на трудот - Скопје, од која треба да се види дали професионалното заболување е утврдено во согласност со Правилникот за професионални заболувања. Во случај кога кај осигуреникот како причина за инвалидноста се оценува повреда, тогаш се приложува пријава за повреда при работа и соодветна медицинска документација за природата и лекувањето на повредата. Кај осигуреник професионален возач се приложува лекарско уверение од надлежна здравствена установа (член 7 од Одлуката).**

Со одредбите на член 8 од оваа одлука се регулира задолжителниот минимум на медицинската документација неопходен за верификација на дијагнозите, според видот на заболувањето. Нормативата содржана во оваа одредба има за цел да го осовремени начинот на верифицирање на сите заболувања и во таа насока во член 8 точка 12 (душевни заболувања) алинеја 6 е инкорпорирана нова содржина, која гласи: "Доколку не постои хоспитализација, потребно е минимум две години амбулантно следење од лекар-специјалист, според видот на болеста". Исто така, во член 8 точка 16, што ја содржеше регулативата потребна како медицинска документација за хипертензии, се осовременува и значајно се менува. "За верификација на дијагнозите кај хипертензиите потребен е интернистички извештај или отпусна листа од болницата со јасно испишан стадиум на хипертензионата болест, и тоа: 1. ЕКГ, ЕХО на срце, тест на оптоварување, преглед на очното дно, биохемиска анализа - фактори на ризик. Во случај на компликација на бубрезите, потребни се тестови за испитување на бубрежната функција (креатинин клиренс, уринокултура, евентуална интравенска пиелографија). Во случај на компликација на централниот нервен систем, неопходен е наод од невролог" 2. Кај секундарната артериска хипертензија неопходна е отпусна листа за болничкото испитување и лекување, видот на хипертензијата, односно основното заболување со лабораториски, рендгенолошки и други помошни дијагностички методи на испитувања. "1) за болестите на црниот дроб, жолчното ќесе и панкреасот, дијагнозата се докажува со медицинска документација која зборува за почетокот на болеста, за текот на болеста, за резултатот од лекувањето, за резултатот од медицинската рехабилитација и за прогнозата. Заради приказ на сегашната состојба, потребен е клинички наод за испитување на функцијата на црниот дроб.

2) при инсуфициенција на црниот дроб, потребни се: ехо, клинички

преглед и лабораториски анализи.

3) За болести на жолчното ќесе или панкреасот потребни се: ехо и лабораториски анализи".

Во точка 30 - дегенеративни заболувања на жрбетниот столб во прилог на поголемо објективизирање на здравствената состојба, покрај другата документација, ќе треба да се достави и наод од гинеколог за жени и наод од уролог за мажи. "За професионалниоте болести потребна е експертиза од Институтот за медицина на трудот - Скопје". Со овој предлог се смета дека мислењето за професионалните болести експертизата ќе се добива од соодветна институција, што е во интерес на порационално и пообјективно вештачење на работната способност.

Сигурно дека овие новини ќе бидат анализирани во практичната примена имајќи ги предвид целите кои треба да се постигнат со нив, во насока на добивање согледувања во функција на натамошно унапредување на инвалидноста, односно оценката на работната способност.

**Станка Трајкова,**
**помошник-директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија**

Писма до Редакцијата

# Наградувањето во здруженијата на пензионерите на Македонија

Прочитав во Извештајот за работата на органите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) за 2003 година дека била поведена, а не извршена иницијативата за согледување колку и како се стимулира и наградува волонтерството во вршењето на различни функции и задолженија на пензионерите. Со други зборови, колку парично се наградени: претседателите на општинските здруженија, секретарите и други вработени со неодредено време или со договор за дело. Повеќе здруженија одговориле со различни мислења и сугестии, но имало и такви кои не одговарале, бидејќи тие оцениле дека тоа е исклучиво право на здруженијата. Која беше целта на оваа иницијатива дадена во споменатиот Извештај? За оваа иницијатива немало посебна причина, освен што бил присутен интересот за состојбите со оглед на постоењето различност во наградувањето според бројот на пензионерите и слично. Интерес постоеше и кај оние што беа различно наградени и кај оние што не беа ангажирани, се вели понатаму во Информацијата. Се разбира, тука е потребен мал коментар. Независно што општинските здруженија на пензионерите се самостојни и правно регистрирани како самостојни здруженија на граѓани, нивните раководства (извршните одбори) немаат мандат целосно самостојно да одлучуваат без знаење на базата, односно на оние што преку својата членарина го финансираат тоа. Над 50% пензионери примаат пензија од 4 до 5 илјади денари и секако е дискутабилно прашањето дали наградите што ги примаат функционерите во здруженијата се реални или да бидат поголеми од 5.000 денари. Произлегува, тие што раководат да земат уште по една пензија. Оттука, заложбите на СЗПМ за донесување критериуми за наградување се повеќе од потребни, бидејќи СЗПМ ја води општата политика на сите здруженија на пензионерите. Кога би постоеле општи критериуми за наградување на волонтерството во вршењето на различни функции во здруженијата на пензионерите, би се одбегнале многу негативни појави, како што се: повеќе од три до четири мандати да бидат исти членови во извршните одбори, во надзорните одбори и во комисиите во здруженијата, исти претседатели, секретари и други функционери Да резимираме, би се пресекол коренот на таканаречената пензионерска олигархија и многугодишно задржување на исти луѓе на исти функции.

Во иницијативата на СЗПМ беше апострофирано и тоа дали треба да се стимулираат со парични средства: претседатели на ограноци, раководители на клубови кои непосредно се ангажирани по повеќе прашања во рамките на своите функционални задолженија? Одговорот на ова прашање не е даден во Извештајот од општинските здруженија на пензионерите.

Тргнувајќи од фактот дека базата - ограноците на здруженијата на пензионерите по многу прашања што им се доверени со Статутот не се произнесуваат, се состануваат само од избори до избори, секоја четврта година, би требало длабоко да се размисли за причините за ваквата положба. Можеби треба да се изготват критериуми за реално стимулирање на активноста и на овие структури. Прво што треба да направат ограноците, односно нивните раководства, е следното: Да воведат администрација за членството, да направат социјална карта за нивните пензионерски примања и според тоа да се бараат одредени средства од општинските здруженија за помош на оние пензионери кои живеат во беда и сиромаштија.

Ако ограноците, односно нивните раководства, ги исполнуваат своите статутарни задолженија, тогаш ќе се разбие форумското работење на дел на општинските здруженија на пензионерите, а СЗПМ ќе добие во ефикасноста за реализирање на Програмата. Со други зборови, ќе биде реална сила респектирана како здружение на граѓани и ќе се наметне за зголемување на животниот стандард на пензионерите. Промените на правната регулатива во државата во правец на демократијата и прогресот веројатно и за пензионерите ќе донесат посреќно денес и утре.

Секако, поентата е да продолжи иницијативата од органите на СЗПМ за целосно согледување колку и како се стимулира и наградува волонтерството во вршењето на различни функции и задолженија во здруженијата на пензионерите. Да се надеваме дека ќе бидат изготвени соодветни критериуми од страна на органите на СЗПМ кои ќе бидат морално и правно издржани, а со тоа ќе се надминат одредени малверзации во одредени општински здруженија на пензионерите.

**Радован Влаќески,**
**член на Собранието**
**на СЗПМ од Струга**

Анкета



**Марија Илијевска** - претседател на Активот на жените при Здружението на пензионерите "Гази Баба" - Скопје

Со големо интересирање ги следам Републичките пензионерски спортски натпревари, како и ревиите на фолклорните ансамбли, пејачки групи и инструменталисти. Се забележува еден подем во пензионерското организирање. Како жени-пензионерки имаме воспоставено соработка со повеќе активи во нашата земја, а особено плодна соработка остваруваме со здруженијата на пензионерите од Куманово и од Струмица.



**Никола Калпачки** - Здружение на пензионери - Општина Ново Село

Здружението на пензионери во нашата општина води постојана грижа за подобра здравствена заштита на членството, како и за редовно снабдување со лекови од позитивната листа. Проблеми секако има, особено со недостигот на лекови, но со ангажирање на медицинските кадри и амбулантите во Ново Село и Мокриево лекови од позитивната листа често можат да се најдат, така што пензионерите не мораат по лекови да одат во Струмица.



**Миливој Јакимовиќ**- пензионер од Маџари - Скопје

Многу е битно човекот кога е пензионер да биде активен. Покрај во огранокот во Маџари, пензионерските денови ги минувам како активност во Здружението на пензионерите "Гази Баба" во Скопје, а особено во секцијата за културно-забавен живот. Одржувањето на ревиите на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти значително придонесоа за зголемено интересирање на пензионерите и на ова поле.



**Симе Буклевски**, пензионер од Карпош - Скопје

Не случајно се вели "Во здраво тело-здрав дух". Сите пензионери го поздравуваме одржувањето на пензионерски спортски натпревари, на кои на општинско, на регионално и на републичко ниво се постигнуваат добри резултати, но и незаборавно другарување и ширење на пријателства меѓу пензионерите. Десеттата јубилејна спортска средба на пензионерите од Македонија, која деновиве ќе се одржи на терените на "Младост" крај Велес, се очекува да биде успешна и по традиција добро организирана.

Пробиштип

## Големо интересирање за екскурзиите

Здружението на пензионерите од Пробиштип, покрај организираниот културно-забавен живот на своите членови, годинава организираше и повеќе екскурзии за кои пензионерите покажаа големо интересирање.

Само за три месеци, кога тоа го овозможуваа временските услови, беа организирани пет екскурзии на кои беа над 550 посетители во 11 автобуси.

При определување на локациите се водеше сметка тие да бидат осмислени, да имаат оправдана цел, да се посетат атрактивни места, културно-историски споменици, познати одморалишта и слично.

Така, во организација на Активот на жени-пензионерки при Здружението во Пробиштип, беа посетени Смоларските Водопади, кои се вистинска атракција за туристите, потоа Лешочкиот манастир и Мавровското Езеро, Меморијалниот центар Пелинце, еден ден се рекреираа покрај брегот на Дојранското Езеро, а не изостанаа и познатите воздушни бањи како што се Ѓуриште и Пониква.

Сигурно дека овие екскурзии не би биле она што се ако не постоеше договор со општинските здруженија од соседните општини, па и со здруженијата од сите краеви на Македонија, зашто целта беше зближување и дружење на пензионерите, ширење на пријателства, размена на искуства околу активностите на секое здружение и за момент заборавање на секојдневните грижи што ја притискаат оваа категорија граѓани. Ако се има предвид дека локациите беа грижливо избрани и дека при нивната посета можеа да се запознаат убавините на нашата земја, сосема е оправдано големото интересирање кај пензионерите за што почесто организирање и дружење на зелено, за почесто оттргнување од секојдневните грижи и запознавање на нови лица, размена на мислења и уживање во убавините со кои е богата нашата земја.

До крајот на годината се планира да се изведат уште две-три екскурзии, а во превозот Здружението партиципира со 30 отсто.

**М.Здравковска**



Од активностите на Активот на жени–пензионерки од Куманово

## Вредните раце на пензионерките

Прекрасно е да се присуствува и да се учествува на собирите на жените -пензионерки на Кумановскиот актив. Во досегашната практика, на дело се потврди нивното практично функционирање и оправданост. Тие безрезервно се вклучени во остварување на програмските задачи на Здружението, но практикуваат и дополнителни активности, што ја збогатува содржината на работата на целото Здружение.

Една од формите, што ја крадот што го вложија, овозможи пензионерското Културно-уметничко друштво "Гоко Симоновски" да се комплетира со народни носии за мешовитата фолклорна група и за оркестарот на народни инструменти.

Од работилницата произлегоа и повеќе други предмети, како кукли, плетени шишиња, украсни тефтерчиња, плетени торбички и друго. Овој спектар од "производи" се дополнува со уметнички слики и украсувања стомнички. Голем дел од овие предмети послужија како подароци на разни делегации и на други активи во Македонија при одржување на нивните забавни средби.



сат работата на Активот, секако, претставува работилницата за домашни ракотворби. Благодарение на нивната умешност, на нивните вешти раце, тру-

**С.Николовски**

**Наредниот број на „Пензионерски видици" посветен на десетите јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари ќе биде објавен на 30 септември**

Пробиштип

## КУД „Весели пензионери" од фестивалот „Илиндenски денови" се врати со награда



На 35. фестивал "Илинденски денови" во Битола, фаворитите во изворниот фолклор, КУД "Весели пензионери" не ги заобиколи наградата. Годинава, на фестивалот во градот под Пелистер - Битола продефилираа околу 1.000 учесници од 34 фолклорни групи и културно-уметнички друштва. Ги имаше од сите краеви на Македонија и од соседството: Србија и Црна Гора, Грција и Бугарија, како и од далечната Австралија.

Во една олку голема и силна конкуренција КУД "Весели пензионери" автентично прикажа еден од најстарите и веќе заборавени обичаи, со што го оправда своето 30-годишно постоење.

По настапот на групата гајдари со сплет ора од Пробиштипско, беше изведен обичајот "Есенска седенка - лупење класја", обичај кој одамна е заборавен, но на општо задоволство беа предизвикани бурни овации во спортската сала. Составен дел на обичајот беше гласовитата, викоичка, песна "Класје лупат Ѓован и Јованка", а играорците се претставија со машкото оро "Крстач", женското "Купила ми мама" и мешовитото "Изникнало перуниче".

Сето ова резултираше со доделување на наградата од страна на стручната жири-комисија за најуспешно поствена кореографија во изворниот фолклор, со што преполните витрини со награди на друштвото се збогатија со уште една, но многу вредна.

На крајот би додале дека во изминатите осум месеци членовите на КУД "Весели пензионери" имаа три настапи на фестивали, еден на ревија и еден на заедничкиот концерт со учениците од Музичко-балетското училиште во Скопје, во Универзалната сала. До крајот на годината се планирани уште најмалку три настапи.

**Милевка Здравковска**